Согласно член 17 став 1 од  Договорот за учество на пазарот на електрична енергија, учесникот на пазарот на електрична енергија се обврзува на МЕМО ДООЕЛ Скопје  – ОПЕЕ да му обезбеди финансиска гаранција со која ќе се гарантира навремено и редовно плаќање на обврските произлезени од Договорот.

Согласно член 2 став 1 од Методологијата за пресметка на финансиско обезбедување за учество на пазарот на електрична енергија со арх.бр 09-4466/1 од 24.11.2022 година:

"Основ за пресметка на финансиското обезбедување е снабдувањето на учесникот на пазарот и процентот на учеството во енергијата која ја продава операторот на пазар на електрична енергија во месецот од претходната година каде процентот на учество на енергијата која ја продава операторот на пазар е највисок."

Највисокиот процент на учество на енергијата од повластените производители во 2022 година каде во вкупниот конзум е вклучен Универзалниот снабдувач ЕВН ХОМЕ е во мај 2022г и изнесуваше 10% од конзумот и цената на продажба на енергијата од повластените прозводители во висина од 6.017,7 ден.

Највисокиот процент на учество на енергијата од повластените производители во 2022 година каде во вкупниот конзум не е вклучен Универзалниот снабдувач ЕВН ХОМЕ е во април 2022г и изнесуваше 25,6% од конзумот и цената на продажба на енергијата од повластените прозводители во висина од 5.190,2 ден.

Финансиската гаранција се пресметува да обезбеди 2 фактури.